**УДК: 343.3/.7:502/504(497.7)"2018/2022"**
**343.3/.7:349.6(497.7)"2018/2022"**

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ПРОТИВ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РСМ ЗА ПЕРИОД ОД 2018 – 2022 ГОДИНА

**Газепова, Вероника**
*Докторанд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип*
gazepovaveronika@gmail.com

**Апстракт**

Еколошките злосторства или уште познати како зелени злосторства се сè поинтересни за проучување од страна на криминолозите заради своите специфични и разнолики појавни форми. Криминологијата не се занимава само со штетите и загубите коинастануваат врз животната средина, туку и со движењето на нелегалната трговија, типовите на сторители, врските на еколошкиот со другите видови на криминал итн. Заради подобро воочување на проблемот, како и негово трајно решавање, неопходна е детална анализа на криминолошките аспекти на еколошкиот криминал. Појдовната цел на овој труд е преку анализа на статистички податоци на територијата на РСМ да се дојде до криминолошкиот аспект на кривичните дела против животната средина и природата, како и типот на сторители на овој вид кривични дела и нивните мотиви. Методите на анализа кои ќе бидатупотребени ќе се однесуваат за периодот од 2018 до 2022 година, а ќе се фокусираат врз различни променливи како: пол, национална припадност, возраст итн.

***Клучни зборови***: *криминологија на еколошки криминал; екокриминал; анализа наподатоци.*

**UDK: 343.3/.7:502/504(497.7)"2018/2022"**
**343.3/.7:349.6(497.7)"2018/2022"**

# CRIMINOLOGICAL ASPECT OF CRIMES AGAINST THE ENVIRONMENT AND NATURE IN THE TERRITORY OFRNM FOR THE PERIOD OF 2018-2022

**Gazepova Veronika**
*PhD Student, Faculty of Law, University Goce Delcev, Stip*
gazepovaveronika@gmail.com

***Abstract***

Environmental crimes, or also known as green crimes, are increasingly interesting for studyby criminologists due to their specific and diverse forms. Criminology deals not only with the damages and losses that occur on the environment, but also with the movement of illegal trade, thetypes of perpetrators, the connections of environmental with other types of crime, etc. For a betterperception of the problem, as well as its final solution, a detailed analysis of the criminological aspects of environmental crime is necessary. The starting goal of this paper is to analyze the statistical data in the territory of RNM to gain insight into the criminological aspect of crimes against the environment and nature, as well as the type of perpetrators of this type of crimes and their motives. A data analysis method will be used for the period from 2018 to 2022 based on various variables such as: gender, nationality, age, etc.

***Keywords***: *criminology of eco-crimes; eco-crime; data analyse;*

## Вовед

Брзиот развиток на оштеството, новите начини на криминал, вклучително и на криминалот поврзан со кривичните дела против животната средина и природата ги погодуване само заштитените животински и растителни видови, туку и екосистемите, а со самото тоа и системот на државите ширум светот.

Подемот на еколошкиот криминал, во комбинација со неговата сложена, транснационална природа, бара интегриран и координиран пристап, кој ќе ги опфати административните, судските и органите за спроведување на законот на национално ниво ипрекуграничната соработка на меѓународно ниво (Eurojust, 2021).

Мрежата на организираните криминални банди станува сè поголема, не само во соседните земји, туку и ширум светот.

Централно прашање на овој труд е криминолошкиот аспект на кривичните дела насочени против животната средина и природата чијашто главна цел е изучување на криминалитетот, еколошкиот криминал и виктимизацијата кои опфаќаат точно определено подрачје и активности детерминирани од најразлични фактори, како време, место, типови на сторители и видови на кривични дела. Подеднакво важно е исто така и анализа на типовитена сторители кои се јавуваат кај овие кривични дела.

Заради детално проучување на ова прашање ќе се врши поимно определување на еколошкиот криминалитет, бројката на осудени лица според групата кривични дела противживотната средина и природата наспроти вкупниот број осудени лица по сите групи на кривични дела од КЗ, а на територијата на РСМ, потоа типовите на сторители на зелениот криминал во нашата држава, како и анализа на податоци од различни институции достапнихрз различни карактеристики.

## Еколошки криминалитет

Нарушувањата на еколошката благосостојба на планетата Земја и можните штети коиќе настанат, како и проучување на транснационалните прашања врзани со криминолошки аспекти на природата, се предмет на проучување на еколошката криминологија. Зелената или еколошката криминологија во основа се однесува на проучување на еколошката штета,еколошките закони и регулативата за животната средина од страна на криминолозите (WhiteR., 2008).

Криминологијата на еколошкиот (зелен) криминал ја опфаќа рамката на мултидисциплинарен пристап насочен кон еколошките злосторства кои предизвикуваат еколошки штети. Централно и значајно прашање се теоретските прашања за кривичните дела насочени кон животната средина, начинот на заштита од страна на правосудните органи и жртвите на овој вид на криминал. Меѓутоа, предмет на екокриминологијата е истотака и еколошката правда, како и анализирање на законите од областа на криминалот и заштита на животната средина.

Еколошкиот криминал станува модерен вид на криминал кој преставува се поголем меѓународен проблем, иако понекогаш не носи директни жртви, туку неговите последици директно и индиректно се одразуваат на целото општество (на пример, нелегалната сеча го одзема живеалиштето на бројни растителни и животински видови) (Тошовић, 2022).

Заштитата од зелениот криминал настанува во општествен момент кога владите на државите ширум светот пронаоѓаат иновативни начини за справување и ублажување на трајните последици од штетите кои се нанесуваат врз целокупниот екоуниверзум.

Сепак, сè повеќе штетите врз животната средина се препознаваат не само како проблем за природниот свет, туку и како главен фактор што придонесува за широк спектарна социјални проблеми: еколошката штета често предизвикува, ја влошува или на друг начин придонесува за социјална штета (Spapens, T. et al., 2014).

Во теоријата постојат разнобројни дефиниции за поимот на еколошкиот криминалитет, така што различни правни субјекти го дефинираат на различен начин овој поим, но неговата суштина е иста.

Согласно Европол, еколошкиот криминал го опфаќа опсегот на активности кои го прекршуваат законодавството за животна средина и предизвикуваат значителна штета илиризик за животната средина, здравјето на луѓето или и двете.

Овој екстра профитабилен вид на криминалитет е многу тешко да се открие. Има тајна природа, генерално поврзан со кеш – пари. Атрактивен за организираните криминалнигрупи и со транснационален карактер. Постои мрежа на организаторите преку која нарачаниот производ патува до крајниот нарачувач на нелегален начин. (Europol, 2022).

Тигарска кожа или заб од слонова коска поминува низ многу раце од местото на лов до крајниот купувач (Banks, D. et al., 2008).

Според податоци на Интерпол, се проценува дека криминалот во животната средина варира помеѓу 110 и 281 милијарди американски долари незаконски профит на годишно ниво (Interpol, 2019).

Отежнувачка околност е што жртвите од овие дела во виктимологијата не се препознаени во традиционална смисла на жртви бидејќи тие може да ги претставуваат идните генерации и животната средина (Михајлов, М. и сор., 2021).

Виктимологијата како наука ги проучува општествените процеси во кои се јавуваат жртви на еколошки криминал, односно општествени односи под капата на зелената криминологија.

Затоа, зелената криминологија обезбедува чадор под кој може да се теоретизираат и да се критикуваат и незаконските еколошки штети (т.е. еколошките штети во моментов се дефинирани како незаконски и затоа казниви) и правните штети на животната средина (т.е.еколошките штети во моментов се прогласени за законски, но кои сепак се социјално и еколошки штетни) (White R., 2015).

Според Брејтвејт постојат 13 факти за криминалот: криминалот најчесто е извршен од лица од машки пол; криминалот најчесто е извршен од лица на возраст од 15-25 години; криминалот се врши најмногу од невенчани лица; криминалот е извршен непропорционално од луѓе кои живеат во големите градови; криминалот е извршен несразмерно од луѓе кои доживеале висока станбена мобилност и кои живеат во области кои се карактеризираат со висока станбена мобилност; младите луѓе кои се силно поврзани со своето училиште имаат помала веројатност да се вклучат во криминал; младите луѓе кои имаат високи образовни и професионални аспирации имаат помала веројатност да се вклучат во криминал; младите луѓе со слаби резултати на училиште имаат поголема веројатност да се вклучат во криминал; младите луѓе кои се силно врзани за своите родители имаат помала веројатност да се вклучат во криминал; Младите кои се дружат со криминалци имаат поголема веројатност самите да се вклучат во криминал; луѓето кои силно веруваат во почитувањето на законот имаат помала веројатност да го прекршат законот и за мажите и за жените, да се биде на дното на класната структура без разлика дали се мери според личниот социоекономски статус, социоекономскиот статус на местото на живеење, невработеноста или припадноста на угнетеното расно малцинство – ги зголемува стапките на навреда за сите видови криминал освен од оние за кои можностите се систематски помалку достапни за сиромашните; стапките на криминал се зголемуваат од Втората светска војна во повеќето земји, развиени и во развој (Walklate, 2007).

**Типови на сторители на еколошки кривични дела**

Зголемувањето на сиромаштијата, борбата за преживување и опстанок на човекот, создава услови за зголемување на сè поголема маса на сторители од различни возрасни категории на еколошки деликти со кои се погодуваат различните сфери на животната средина – вода, воздух, почва, животински и растителен свет.

Извештајот на обвинителството за справување со еколошки криминал во Европа LIFE – ENPE од 2017-та година укажува на фактот дека иако еколошкиот криминал за разлика од другите категории на криминал е помалку евидентиран, сепак отпадот и водат имаат многу поголема тенденција за привлекување на вниманието на сторителите наеколошки кривични дела. Најчести се: загадувањето со отпад, хемиско загадување, трговија со диви животни, нелегално ископување злато, а мотивите се различни, социолошки, економски, некогаш и политички (Hall, M. & Wyatt, T., 2017).

Сторители на овие кривични дела се поединци и правни лица, особено во делот на хемиското загадување, каде што најчесто загадувањето доаѓа од компании кои се занимаваат со производство. Избегнувајќи ги еколошките регулативи кои подразбираат големи финансиски трошоци, таквите корпорации користат огромна пазарна и финансиска предност (Stevanovic, 2020).

Поединците не значи дека се политички поврзани, тие се: ловци, трговци со луѓе, препродавачи или потрошувачи кои што честопати се впуштаат во трговија со диви животни (Academy, 2024).

Сторителите се јавуваат како ловци, препродавачи и потрошувачи на диви животни, а со самото тоа се дел од нелегалната трговија со диви животни. Во одредени случаи, како дел од криминални активности се јавуваат и несвесни поединци како дел од обреди и племенски обичаи во одредени делови од светот каде тие до ден-денес се практикуваат.

Јавните претпријатија за водовод и канализација се едно интересно прашање затоа што во одредена мера, се исто така и сторители на одредени можни криминални активности.

Секое дејствие што тие ќе го преземат, или навистина во некои случаи, некаква неактивност од нивна страна, може да има драматично и штетно влијание врз животната средина (Corporate Environmental Crime - Second Report of Session 2004-05).

Урбаните средини, за разлика од руралните се многу поизложени на штети настанати од еколошки деликти. Согласно Извештајот за 2022 година на Министерство за животна средина и просторно планирање: „Сообраќајот, индустријата, согорувачките и енергетските инсталации, домаќинствата, градежните активности, депониите (особено дивите) за отпад и земјоделските активности продолжуваат да бидат извори на емисија на значителни количества загадувачки супстанци во воздухот“ (Стефановска, А. и сор., 2023).

Македонскиот законодавец се определил за кривична и прекршочна одговорност нафизички и правни лица, а одговорност можат да сносат и службени лица и одговорни лица кај правни лица – домашни или странски.

За кривичните дела определени со закон одговорни се сите правни лица во Република Македонија, освен државата, вклучувајќи ги и единиците на локалната самоуправа, при што тие со кривично одговорни за кривичните дела што се извршени надвор од нивните јавни овластувања, само со исклучок на државата како правно лице од кривична одговорност. Од друга страна странските правни лица за извршени кривични дела во Република Македонија, се кривично одговорни ако делото било извршено на територијата на РМ, без оглед дали тоа правно лице има претставништво или подружница во РМ (Деаноска – Трендафилова, А. и Божиновски, А., 2014).

Најважна алка во овој систем на делување на МВР во заштитата на животната средина е превентивното делување и навременото откривање на сторени кривични дела од областа на еколошкиот криминал (Кралева Ванчовска, Н, 2008).

**Анализа на податоци за сторителите на кривични дела против животната средина и природата на територија на РСМ**

Согласно достапните податоци од Државниот завод за статистика (Државен

завод застатистика, 2018) за периодот од 2018 – 2022 година, според променливата категорија: пријавени полнолетни лица – познати сторители според групите на кривични дела, односно кривични дела против животната средина и природата, пол и припадност кон етничка заедница, може да се воочи следнава анализа:

- ✓ По основ на пол

Во 2018 година, од вкупно 139 пријавени полнолетни сторители, 134 биле мажи, а само 5 биле жени. Во 2019-та година, од вкупно 163 пријавени сторители, 8 биле жени, а останатите 155 биле мажи. Во 2020 година, 129 биле мажи, а само 4 жени со што вкупниот број достигнал 133 полнолетни пријавени сторители. 2021-та година брои 131 полнолетен машки сторител, а само 3 жени и 2022 година од вкупно 128 пријавени, 7 се жени, 121 се мажи. Заклучокот од оваа анализа на ДЗС е дека пријавените полнолетни сторители, најчесто се од машки пол и нивниот број е многу поголем, отколку бројот на жени сторители за кривичните дела против животната средина и природата.

| **Година** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 139 | 163 | 133 | 131 | 128 | Кривични дела против животната средина |
| **Мажи** | 134 | 155 | 129 | 131 | 121 | Кривични дела против животната средина |
| **Жени** | 5 | 8 | 4 | 3 | 7 | Кривични Дела против животната средина |

**Табела 1:** Пријавени полнолетни сторители врз основ на пол за кривични дела против животната средина и природата

- ✓ По основ на етничка припадност

Во рамки на анализата врз основа на етничка припадност на пријавени полнолетни сторители на кривични дела од групата на кривични дела против животната средина и природата за временски период од 2018 до 2022 година се речиси сите етнички заедници, односно: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби, Бошњаци, како и останати други етнички заедници, како и сторители кои се непознати. Во 2018 година, од вкупно 139 сторители, 97 се Македонци, додека останатите припаѓаат на останатите категории. Во 2019 година, од вкупно 163 пријавени полнолетни сторители, 64 се Македонци, во 2020 година од133 сторители 82 се Македонци. Во 2021-та година, 74 се Македонци од вкупно 134 сторители, а во 2022 година, од вкупниот број (128) 68 Македонци, а останатите припаѓаат на

различните етнички заедници. Во табела тоа би изгледало на следниов начин:

| **Година** | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела** | Против животната средина и природата | Против животната средина и природата | Против животната средина и природата | Против животната средина и природата | Против животната средина и природата |
| **Вкупно** | 139 | 163 | 133 | 134 | 128 |
| **Македонци** | 97 | 64 | 82 | 74 | 68 |
| **Други етнички заедници** | 42 | 99 | 51 | 60 | 60 |

**Табела 2**: Пријавени полнолетни сторители врз основ на етничка заедница за период од 2018

– 2022 година за кривични дела против животната средина и природата

Анализата покажува дека освен во 2019-тата година, бројот на пријавени полнолетни сторители Македонци за сторени кривични дела против животната средина и природата е поголем од бројот на останатите етнички заедници, што би значело дека најчесто пријавувани врз основа на етничка заедница се Македонци.

**Анализа на податоци за кривичните дела против животната средина и природата на територија на РСМ**

Според анализата направена од достапните податоци на сајтот на ДЗС, по основ на осудени сторители на кривични дела за сите групи на кривични дела, вкупен број на осудени сторители е 26 466, додека осудени сторители врз основа на групата кривични дела против животната средина и природата е 313, што по години би изгледало вака:

| | **2018** | **2019** | **2020** | **2021** | **2022** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени лица според сите групи на кривични дела** | 5857 | 4712 | 6351 | 7634 | 7769 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно осудени лица според групата кривични дела против животната средина и природата** | 52 | 59 | 52 | 73 | 77 |

**Табела 3**: Вкупно осудени лица на територија на РСМ за сите групи на кривични дела и закривични дела против животната средина и природата за период од 5 години (статистика, 2024)

Во 2018 година, пресметано во проценти, од вкупно 5 857 обвинети лица, само 52 се обвинети за кривични дела против животната средина и природата, односно 0,888%.

Во 2019 година, само 59 лица се осудени по основ на кривични дела против животната средина и природата, од вкупно 4 712 на територија на РСМ, односно 1,252%.

Во 2020 година, од 6351 осудено лице, 52 се осудени за групата кривични дела против животната средина и природата, односно 0,819%.

Во 2021 година, од вкупно осудени 7634 лица, само 73 се за кривични дела против животната средина и природата, односно 0,957%.

Во 2022 година, од 7769, само 77 се осудени за оваа група на кривични дела, односно 0,991%.

Ваквата статистичка состојба укажува дека освен во 2019-та година, во последните пет години стапката на осудени лица не достигнува ниту 1%.

Едно истражување на Центарот за правни истражувања и анализи (Центар за правни истражувања и анализи, 2021), покажува дека кривичните дела против животната средина и природата се сконцентрирани во близина на судските региони каде што има поголем број на природни ловишта, или водени басени. Исто така, интересно е да се наспомене дека во оваа анализа основниот кривичен суд, како најголем суд во нашата држава, не е и најзастапен. Причините можат да бидат дека во базата на податоци не се внесени сите предмети што биле пресудени од страна на овој суд или едноставно, на територијата на основниот кривичен суд, оваа феноменологија на кривични дела не е најзастапена.

### Анализа на пресуди на Апелационен суд – Штип за периодот од 2018 – 2022 година

Следна анализа којашто дава еден целосен преглед на состојбите во кои се наоѓа нашата држава во делот на еколошкиот криминалитет е анализата на пресудите на Апелациониот суд Штип за периодот од 2018 до 2022 година, кои се достапни на сајтот *dejure.mk* (Dejure, 2023) и од кои може да се утврди на кој начин постапувал судот во делот на еколошките злосторства. Разгледани беа 17 второстепени предмети, правна област – кривична, видот на предметот е кривично полнолетни, подвид на предмет – второстепени кривични предмети, а основот е кривични дела против животната средина и природата.

Кривични дела кои се најзастапени од главата на кривични дела против животната средина и природата се: мачење животни (чл. 233 ст.1), узурпација на недвижности (чл. 225), незаконита експлоатација на минерални суровини (чл. 225-а), незаконит лов (чл. 228) и загрозување на животната средина и природата (чл. 218).

Најчести казни се условна осуда и парична казна и за физички и за правни лица, а многу често судот, обвинетите, ги ослободувал од обвинение.

| Вид на кривично дело | Број на пресуди | Вид на санкција |
|---|---|---|
| Мачење животни (чл. 233 од КЗ) | 2 | Условна осуда/ослободителна |
| Узурпација на недвижности (чл. 225 од КЗ) | 4 | Парична казна/ослободителна |
| Незаконита експлоатација на минерални суровини (чл. 225-а од КЗ) | 3 | Условна осуда/парична казна |
| Незаконит лов (чл. 228 од КЗ) | 6 | Парична казна/ослободителна |
| Загрозување на животната средина и природата (чл. 218 од КЗ) | 1 | Условна осуда/парична казна |

**Табела 4:** Анализа на второстепени пресуди за подрачје на Апелационен суд – Штип (2018-2022 година)

**Заклучок**

Еколошкиот криминалитет станува се почеста и повеќе барана нелегална активност на пазарот. Големите добивки и тешкото откривање ја прави оваа активност многу поволна за организираните криминали групи. Од увид во анализите кои се спроведени од Државниотзавод за статистика за период од 2018 до 2022 година, може да се потврди дека бројот на осудени лица за кривични дела од групата на кривични дела против животната средина и природата споредено со вкупниот број на осудени лица за сите групи на кривични дела е многу мал, речиси и незначителен, а најверојатно неоткриен бидејќи состојбите во кои се наоѓа животната средина се катастрофални.

Како најчести сторители на овој вид на кривични дела на територија на нашата држава се мажи кои по својата етничка припадност се Македонци. Не постои ниту еден случај на обвинети или осудени градоначалници на општини, советници на општини, пратеници во Собрание на РСМ за истиот период (Државен завод за статистика, 2018-2023). Во поглед на возрасната граница, исто така, бројот на деца е многу помал отколку бројот на полнолетни сторители на кривичните дела против животната средина и природата. Па така, вкупниот број на деца на целата територија на РСМ за период од 5 години, брои 14 (Државен завод за статистика, 2018-2023). Во ниту една година, за кривичните дела против животната средина и природата не може да се детектира казна затвор, иако инкриминациите во Кривичниот законик предвидуваат строги санкции за еколошки кривични дела.

Потенцијалните последици од неквалитетното справување со еколошкиот криминал се катастрофални за опстанокот на сегашните, но и на идните општества. Со цел да се спречат ваквите негативни општествени поведенија потребно е навремено и брзо откривање на сторителите на еколошки кривични дела, поажурно работење на институциите одговорни за откривање на криминалот, како и зголемување на казните кои се однесуваат за кривичните дела против животната средина и природата. Меѓу другото, потребна е и поголема свест кај граѓаните за последиците кои ги остава трајното уништување на природата и природните ресурси.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Academy, F. c. (2024). Retrieved from https://financialcrimeacademy.org/key-offenders-in-environmental-crimes/

Banks, D., Davies, C., Gosling, J., Newman, J., Rice, M., Wadley, J., Walravens,F. (2008).

*ENVIRONMENTAL CRIME A threat to our future.* London: Environmental InvestigationAgency.

(n.d.). *Corporate Environmental Crime - Second Report of Session 2004-05.* London: House ofCommons Environmental Audit Committee.

Eurojust. (2021). *Report on Eurojust's Casework on Environmental Crime.* European UnionAgency for Criminal Justice Cooperation.

Europol. (2022). *Environmental crime - Crime areas*. Retrieved from https://www.europol.europa.eu/crime-areas/environmental-crime

Hall, M., Wyatt, T. (2017). *Environmental prosecution report - tackling environmental crime inEurope .* Bristol: European Network of Prosecutors for the Environment.

Interpol. (2019). *INTERPOL makes public appeal to help track environmental fugitives*.

Retrieved from https://www.interpol.int/News-and-Events/News/2019/INTERPOL- makes-public-appeal-to-help-track-environmental-fugitives

Spapens, T., White, R., Marieke, K. (2014). *Environmental crime and its victims-perspectiveswhitin green criminology.* England: Ashgate Publishing Limited.

Stevanovic, A. (2020). *Environmental crime: criminological reflections,.* Belgrade: Institute ofCriminological and Sociological Research.

Walklate, S. (2007). *Understanding Criminology.* England: Open University Press.

White, R. (2008). *Crime Against Nature Environmental criminology and ecological justice.* Wilian Publishing.

White, R. (2015). *Environmental Victimology and Ecological Justice.* London: PalgraveMacmillan.

Деаноска - Трендафилова, А., Божиновски, А. (2014). Казнената одговорност на правнителица во Република Македонија - Актуелни состојби и политика на казнување.

*Македонска ревизија за канзено право и криминологија*.

Државен завод за статистика. (2018). *Пријавени полнолетни лица - познати сторители,според групите на кривични дела, пол и припадноста кон етничка заедница.*

Retrieved from Пријавени полнолетни лица - познати сторители, според групите накривични дела, пол и припадноста кон етничка заедница.

Државен завод за статистика. (2018-2023). *Показатели од половите статистики - правосудство.* Retrieved from Показатели од половите статистики - правосудство.

Државен завод за статистика. (2018-2023). *Пријавени деца според кривичното дело, видотна одлуката и полот.* Retrieved from Пријавени деца според кривичното дело, видот на одлуката и полот.

Кралева Ванчовска, Н. (2008). Активноста на МВР при откривање, спречување исправување со еколошкиот криминал. Скопје, Скопје, РСМ.

Михајлов, М., Мисоски, Б., Михајлова, Е.,. (2021). *Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал.* Скопје: Центар за правни истражувања и анализи.

статистика, Д. з. (2024). Retrieved from https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

Стефановска, А.,Несторовска - Крстеска, А., Малков, П., Голубов, Н., Шаќири,

А., Тасиќ,И., Цветковска, М., Рушити, А., Николовска, К., Димишкова, А., Обрадовиќ Грнчаровска, Т., Трпески, В., Јорданов, С., Камчева, Д., Зеќировиќ, Е.,. (2023). *Годишен извештај за 2022 година - Квалитет на животната средина во Република Северна Македонија.* Скопје: Министерство за животна средина ипросторно планирање.

Тошовић, М. (2022). *Еколошка безбедност и еколошки криминалитет.* Београд: Универзитет у Београду, Факултет безбедности.

Центар за правни истражувања и анализи. (2021). *Компаративна анализа на стратегии засправување со еколошки криминал.* Retrieved from Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал.

Dejure. (2023). Платформа за правни акти на РМ. Преземено од https://dejure.mk/